**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 февруари 2022 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: јануари 2022 година

– Во јануари 2022 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити забележа месечен пад од 0,02 п.п. и изнесува 4,35%. На годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните кредити е намалена за 0,27 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 0,71% и бележи месечен и годишен пад од 0,03 п.п. и 0,22 п.п., соодветно.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2], во јануари, изнесува 3,84% и оствари месечен раст од 0,23 п.п., додека на годишна основа е пониска за 0,14 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити бележи месечно и годишно намалување од 0,17 п.п. и 0,09 п.п., соодветно и изнесува 0,53%.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3,4,5]

| | 1.2021 | 2.2021 | 3.2021 | 4.2021 | 5.2021 | 6.2021 | 7.2021 | 8.2021 | 9.2021 | 10.2021 | 11.2021 | 12.2021 | 1.2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **4.62** | **4.61** | **4.59** | **4.58** | **4.56** | **4.54** | **4.50** | **4.49** | **4.46** | **4.45** | **4.42** | **4.37** | **4.35** |
| Корпоративен сектор | 3.71 | 3.70 | 3.70 | 3.70 | 3.68 | 3.65 | 3.61 | 3.60 | 3.58 | 3.55 | 3.52 | 3.48 | 3.45 |
| Домаќинства | 5.45 | 5.43 | 5.40 | 5.37 | 5.35 | 5.33 | 5.30 | 5.28 | 5.24 | 5.23 | 5.21 | 5.18 | 5.16 |
| **Новоодобрени кредити** | **3.98** | **4.25** | **3.94** | **4.09** | **3.84** | **4.03** | **3.62** | **3.78** | **4.03** | **3.94** | **3.76** | **3.61** | **3.84** |
| Корпоративен сектор | 3.60 | 3.76 | 3.51 | 3.85 | 3.31 | 3.43 | 3.04 | 3.23 | 3.63 | 3.39 | 3.39 | 3.22 | 3.48 |
| Домаќинства | 4.56 | 4.68 | 4.61 | 4.49 | 4.61 | 4.64 | 4.58 | 4.42 | 4.61 | 4.54 | 4.54 | 4.34 | 4.40 |
| **Вкупни депозити** | **0.93** | **0.92** | **0.89** | **0.90** | **0.85** | **0.84** | **0.83** | **0.79** | **0.78** | **0.77** | **0.76** | **0.74** | **0.71** |
| Корпоративен сектор | 1.22 | 1.20 | 1.15 | 1.19 | 1.16 | 1.16 | 1.11 | 1.09 | 1.08 | 1.05 | 0.97 | 0.92 | 0.88 |
| Домаќинства | 0.89 | 0.88 | 0.86 | 0.87 | 0.82 | 0.80 | 0.79 | 0.75 | 0.74 | 0.73 | 0.73 | 0.72 | 0.70 |
| **Новопримени депозити** | **0.62** | **0.71** | **0.76** | **0.62** | **0.67** | **0.53** | **0.51** | **0.50** | **0.85** | **0.79** | **0.77** | **0.70** | **0.53** |
| Корпоративен сектор | 0.40 | 0.39 | 0.75 | 0.65 | 0.74 | 0.51 | 0.42 | 0.46 | 0.62 | 0.53 | 0.42 | 0.29 | 0.42 |
| Домаќинства | 0.66 | 0.86 | 0.77 | 0.61 | 0.64 | 0.53 | 0.57 | 0.53 | 0.94 | 0.93 | 0.95 | 0.90 | 0.58 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити / кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите / кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

[4] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

[5] Податоците за каматните стапки од август 2020 година не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[6]

– Во јануари, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор оствари месечен пад од 0,03 п.п. и изнесува 3,45%. Притоа, падот е резултат на намалувањето на сите компоненти, и тоа: каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,03 п.п., соодветно), при минимален пад и на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,01 п.п.). Каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор е пониска за 0,26 п.п. на годишна основа.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, овој месец, е зголемена за 0,26 п.п. на месечно ниво и изнесува 3,48%. Нагорната промена произлегува од растот на каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,34 п.п. и 0,04 п.п., соодветно), додека каматните стапки на кредитите во странска валута бележат намалување (за 0,19 п.п.). Анализирано на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,12 п.п.







Извор: НБРСМ.

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Јануарската каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор изнесува 0,88%, по остварен месечен пад од 0,04 п.п., којшто се должи на пониските каматни стапки на денарските депозити без и со валутна клаузула (за 0,10 п.п. и 0,01 п.п., соодветно), во услови на минимален раст на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,01 п.п.). Во споредба со истиот месец минатата година, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор оствари пад од 0,34 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити[7] на корпоративниот сектор изнесува 0,42% и е зголемена за 0,13 п.п. на месечна основа. Анализирано според структурата, зголемувањето се должи на растот на каматните стапки на депозитите во странска валута и на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,52 п.п. и 0,10 п.п., соодветно), додека каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула бележат пад (за 0,21 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е повисока за 0,02 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[8]







Извор: НБРСМ.

– Во јануари, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата оствари месечно намалување од 0,02 п.п. и изнесува 5,16%. Притоа, падот е резултат на намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,02 п.п., соодветно) и пад на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,01 п.п.). Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата е намалена за 0,29 п.п. на годишно ниво.

---

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, во јануари, изнесува 4,40%, што претставува месечен раст од 0,06 п.п. Позитивната месечна промена се должи на зголемувањето на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,13 п.п. и 0,05 п.п., соодветно), при остварен пад на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,13 п.п.). Оваа каматна стапка забележа намалување од 0,16 п.п. во споредба со јануари 2021 година.







Извор: НБРСМ.

– Во јануари, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата се намали за 0,02 п.п. на месечно ниво и изнесува 0,70%. Притоа, падот е одраз на намалените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,03 п.п. и 0,01 п.п., соодветно), додека каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула се непроменети. Каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата бележи годишно намалување од 0,19 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[9], во јануари, забележа месечно намалување од 0,32 п.п. и се сведе на 0,58%. Надолната промена се должи на намалените каматни стапки на депозитите во странска валута (за 0,39 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,17 п.п.). Овој месец не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. На годишна основа, оваа каматната стапка се намали за 0,08 п.п.

[9] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 март 2022 година (референтен пресек заклучно со февруари 2022 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).